Почитувани медиуми,

По повод 5 Јуни- Светскиот ден на животната средина, граѓанската иницијатива ОхридСОС на градоначникот на Охрид, Никола Бакрачевски, му врачи Барање за **Мораториум на спроведувањето на активностите/проектите кои подразбираат намалување односно преземање на Студенчишко блато.** Во барањето стои дека Студенчишкото Блато се одликува со исклучителна вредност поради присуство на ретки и ендемични видови на растенија и животни како и неговото функционално значење за Охридското Езеро. Дополнително, Министерството за животна средина и просторно планирање веќе има отпочнато постапка за негова заштита и прогласување на Споменик на природата.

Доколку се спроведе урбанизација на Студенчишкото блато (УБ 17.1) влијанија ќе постојат врз растителните заедници кои се со многу ограничена распространетост, како и врз видовите на растенија и алги кои се среќаваат само во Блатото и на ниту едно друго место на светот. Со намалувањето/превземање на површината на Блатото ќе се промени квантитетот иквалитетот на подземните површинските води, како и и неговата основна функција (природен прочистувач на Охридското Езеро) што воедно е најсериозна закана по биолошката разновидност и на блатото и на езерото.

Овој став е потврден и со одобрениот СОВЖС извештај за Измен и дополна на ГУП за Охрид за повеќе Урбани Блокови меѓу кои и УЗ 17 - УБ 17.1 (2014 –2024) кој јасно укажува и посочува дека **НЕ** постои мерка која би го намалила штетното влијание врз Студенчишкото Блато, а со тоа и влијанието врз Охридското Езеро доколку истото продолжи да се урбанизира наместо да се заштити и зачува.

Со љубов и со почит,
Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS

web: ohridsos.wordpress.com
e-mail: ohridsos@gmail.com